# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите за преземените активности на сите релевантни институции кои имаат влијание на имплементација на набавената медицинска опрема и други аспекти поврзани со оваа тема.

Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да се оценат состојбите, условите и другите аспекти кои имаат влијание на имплементација на набавената медицинска опрема, односно да се констатираат ризиците и утврдат можностите за успешна и целосна реализација на Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во Република Македонија.

Имајќи ги предвид преземените активности согласно стратешките цели и определби на Владата на РМ и Министерството за здравство за успешна реализација на Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема, ДЗР во својата Годишна програма за работа за 2014 година ја вклучи оваа тема за ревизија на успешност и ја реализира согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија.

Оваа ревизија е спроведена со цел да се дадат препораки за подобрување и дообезбедување на услови и можности поврзани за навремена испорака и ставање на истата во употреба, обезбедување доволен стручен кадар и други аспекти со цел поголема ефикасност и квалитетна здравствена заштита на населението. Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања.

Врз основа на резултатите добиени од прелиминарните истражувања во текот на ревизијата, се констатира дека има потреба од продолжување на наведената ревизија со цел да се добијат сознанија:

„Дали навреме е имплементирана набавената медицинска опрема во ЈЗУ и дали со нејзиното имплементирање се подобрени условите и ефикасноста во нивното работење со цел да се обезбеди брза и ефикасна здравствена заштита на граѓаните“.

За да можеме да одговориме на поставената цел, ревизијата изврши анализа на повеќе области кои се поврзани со новонабавената медицинска опрема во ЈЗУ. Од ова произлегоа повеќе подрачја кои покажаа одредени ризици како основ за вршење на ревизијата на успешност.

Ревизијата ја насочивме кон неколку ризични подрачја кои во Програмата за вршење на ревизијата беа групирани во области за ревизија насловени како:

1. **Правна рамка, стратешки и други документи потребни за реализација на Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во РепубликаМакедонија;**

2. **Планирање и утврдување на приоритети, извори на финансирање, следење на реализација на доделените договори за набавка на медицинска опрема, водење и ажурирање на евиденцијата на набавената опрема;**
3. **Квантитативен и квалитативен прием на опремата, дефинирање на начин и услови на плаќање, гарантен рок, услови за одржување и постгарантен рок;**

4. **Обезбедување: просторни и функционални услови за поставување и ставање во употреба на опремата, стручен кадар за користење на опремата и давање услуги на граѓаните.**

**Очекувани ефекти (резултати) од ревизијата**

Резултатите од ревизијата се презентирани во овој извештај. Со извештајот надлежните институции ќе се информираат за одредени прашања и потребата од донесување на одредени акти и документи за навремена и поефикасна искористеност на современата медицинска опрема. Исто така, ќе бидат презентирани утврдените состојби и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат во интензивирање на активностите посочени во истите.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 од овој извештај.